GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

## ИЗЈАВА ЗА МЕДИУМИ

# НОВИОТ ИЗВЕШТАЈ ГО АНАЛИЗИРА ИНТЕГРИТЕТОТ НА ПОЛИЦИСКИТЕ И НА ОБВИНИТЕЛСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

Новиот извештај на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал (ГИ-ТОК) ги истражува предизвиците со кои се соочуваат полициските и обвинителските институции во Западен Балкан. Овој документ е насловен како *Интегритет и независност на казнено-правните институции во Западен Балкан*: *Полиција и обвинителство*. Извештајот обезбедува сеопфатна анализа на политичките и надворешните влијанија кои ги поткопуваат независноста и ефикасноста на полицијата и обвинителството во регионот.

Надоврзувајќи се на претходната работата на ГИ-ТОК во Западен Балкан, овој трет извештај е последен од *серијата за* Организирана корупција и истражува на кој начин политичкото мешање, недостигот на оперативна независност, недостигот на меѓународна, регионална и билатерална соработка и системската организирана корупција, создаваат ранливост во полициските и обвинителските институции. Студијата ја открива клучната потреба за посилни механизми за управување, зголемена индивидуална и организациска отпорност на политички притисок, подобро образование против корупцијата и поголема транспарентност во процесите за назначување и унапредување на службениците за спроведување на законот. Основното образование и континуираната обука на работното место за етички стандарди, кои помагаат да се изгради систем на професионални верувања вкоренети во интегритет и независност, се идентификувани како еден од најефикасните механизми за зајакнување на отпорноста.

Клучниот наод од извештајот е дека политичкиот притисок најостро се чувствува во одлуките поврзани со истраги, назначувања и унапредувања од висок профил, слабеејќи ја способноста на институциите (особено на специјализираните тела) да дејствуваат независно. Ова ја поткопува довербата на јавноста и го продолжува циклусот на не казнивост на оние кои се вклучени во организираниот криминал и корупцијата.

Извештајот ги истакнува специфичните предизвици на секоја од шесте земји од Западен Балкан.

Документот, нагласува како застапеноста на жените во полицијата и понатаму е ниска во многу земји од Западен Балкан, често под стандардите на ЕУ. Иако постои поголема родова еднаквост кај обвинителските улоги, сепак присуството на жените на раководни позиции - и во полицијата и во обвинителството - и понатаму е многу ограничено. Овој диспаритет ја нагласува потребата за давање приоритет на родовата еднаквост на повисоките институционални нивоа за да се обезбеди балансиран и ефикасен правосуден систем способен да го претставува населението на секоја соодветна земја.

Дополнително, извештајот повикува на стратешки мерки за зајакнување на независноста на институциите на кривичната правда, вклучувајќи реформи во системите за назначување, зајакнати механизми за надзор и зголемен ангажман со учесниците од граѓанското општество за следење и поддршка на одговорноста.

Следниот извештај, планиран за објавување во 2025 година, ќе ја продолжи оваа студија од четири дела така што ќе се сосредоточи на правосудството и на антикорупциските власти во регионот.

## ЗА ГЛОБАЛНАТА ИНИЦИЈАТИВА (ГИ-ТОК)

Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал (ГИ ТОК) е мрежа на професионалци кои се во првите борбени редови и ја водат битката против нелегалните економии и криминални чинители. Преку мрежа на глобални опсерватории на граѓанското општество за нелегална економија, ги следиме трендовите во развојот и работиме на тоа да изградиме основа со докази за политичко делување. Во правец на нашите активности, ние ја шириме стручноста на нашата Мрежа и катализираме мулти секторски и холистички одговори на разни видови криминал. Заедно со Фондот за отпорност на Глобалната иницијатива, ги поддржуваме активистите во заедницата, како и локалните невладини организации коишто работат во области во кои управувањето со криминалот значително ги поткопува безбедноста и сигурноста на луѓето, како и нивните можности за живот.

## ЗА ОПСЕРВАТОРИЈАТА НА НЕЛЕГАЛНИ ЕКОНОМИИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Опсерваторијата е платформа која ги поврзува и ги зајакнува чинителите од граѓанското општество во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Опсерваторијата има за цел да му овозможи на граѓанското општество да ги идентификува, анализира и мапира криминалните трендови и нивното влијание врз нелегалните текови, владеењето, развојот, меѓу етничките односи, безбедноста и владеењето на правото и ги поддржува во следењето на националната динамика, како и пошироките регионални и меѓународни трендови на организиран криминал. Основањето на Опсерваторијата произлезе како резултат на Самитот за Западен Балкан во Лондон во 2018 година, дел од Берлинскиот процес.

**За повеќе детали или за да им поставите прашања на авторите на извештајот, контактирајте го Клаудио Линди на claudio.landi@globalinitiative.net.**